Australian Government
Department of Health and Aged Care

medicare

Macedonian



# За Програмата за стоматолошки бенефиции за деца

Програмата за стоматолошки бенефиции за деца (Child Dental Benefits Schedule - CDBS) делумно или целосно ја покрива цената на основни стоматолошки услуги за деца кои ги исполнуваат услови за тоа.

Децата кои ги исполнуваат услови да ја користат програмата CDBS можат да користат општ стоматолошки третман во јавните и приватните стоматолошки клиники кои учествуваат во програмата.

Програмата CDBS е дел од Medicare, австралискиот систем за здравствена заштита со кој се овозможува пристап до широк спектар на здравствени и болнички услуги по ниска цена или бесплатно.

## Кој има право да ја користи програмата?

Не е потребно да поднесете барање или да се пријавите за програмата CDBS. Ако вашето дете ги исполнува условите за програмата CDBS, Services Australia автоматски ќе ве извести со писмо. Писмото ќе го добиете по пошта или преку myGov.

Можете исто така да проверите дали вашето дете ги исполнува условите на вашата myGov онлајн сметка.

Децата ги исполнуваат условите ако:

- се на возраст под 18 години
- имаат право да користат Medicare и
- примаат детски додаток (government support payment) најмалку еднаш годишно, или имаат родител, негувател или старател кој прима детски додаток.

Подолу се наведени детските додатоци кои се земаат предвид за исполнување на условите за користење на програмата CBDS.

| Исплати на родител, негувател или старател | Исплати на дете | Исплати на партнер на тинејџер |
|---|---|---|
| Family Tax Benefit Part A (Семејна даночна бенефиција, Дел А) | ABSTUDY | Семејна даночна бенефиција, Дел А |
| Parenting Payment (Исплата за родители) | Семејна даночна бенефиција, Дел А | Исплата за родители |
| Double Orphan Pension (Пензија за двоен сирак) | Carer Payment (Исплата за негувател) | |
| | Disability Support Pension (Пензија за лица со попреченост) | |
| | Исплата за родители | |
| | Special Benefit (Посебен надоместок) | |
| | Youth Allowance (Додаток за млади лица) | |
| | Додатоци за образование од Одделот за работи на воени ветерани (Department of Veterans' Affairs) според:<br>Програмата за образование на деца на воени ветерани (Veterans' Children Education Scheme) (ако детето е на возраст од 16 до 17 години)<br>Програмата за образование и обука според Законот за рехабилитација и компензација на воени лица | |

## Кои стоматолошки услуги се покриени?

Стоматолошките услуги кои се покриени со програмата CDBS вклучуваат:

- контролни прегледи
- рендгенски снимки
- чистење на заби
- залевање на фисури (длабнатини)
- пломби
- канали на корени
- вадење на заби
- делумни протези.

CDBS-програмата не покрива трошоци за ортодонтски третмани, козметички стоматолошки процедури или стоматолошки услуги во болница.

## Како можам да ја користам програмата CDBS?

Доколку вашето дете ги исполнува условите, може да користи стоматолошки услуги во вредност од 1.132* долари во текот на две години.

- Пред да го закажете вашиот стоматолошки преглед, проверете дали вашето дете ги исполнува условите.
- Кога закажувате стоматолошки преглед, проверете дали вашата стоматолошка ординација нуди услуги според програмата CDBS.
- Известете ги дека имате намера да ја користите програмата CDBS за третманот на вашето дете.

*Ова е индексиран износ за 2025 година. Износот од програмата CDBS се прилагодува на 1 јануари секоја година.

# Повеќе информации

**Сега, повеќе млади Австралијци имаат пристап до субвенционирани стоматолошки здравствени услуги преку програмата CDBS. За да дознаете повеќе како Medicare може да ви помогне, посетете ја веб-страницата medicare.gov.au/stronger**

Скенирајте за да дознаете повеќе